| **Предмет:** Физичко и здравствено образование | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Тема: Спортски игри Вкупно часови 58 Време за реализација: | | | | | |
| Изготвиле: | | | | Од ООУ: | |
| Адаптирале: | | | | Од ООУ: | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови** | **активности** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Ракомет**<br><br>Основни ракометни ставови и движење ( ракомет, топка мрежа, гол, додавање, водење,шутирање, игра, правила) | Применува паралелен и дијагонален ракометен став во место и движење при изведба на елементи од ракометната техника (примање, додавање, водење, шутирање).<br>Изведува техники на шутирање во гол од место и во одење. | 3 | Учениците изведуваат основни ракометни ставови во место и движење во разни правци<br>Учениците изведуваат техника на држење на топка во основни ставови држење на топка со две и една рака;<br>Учениците изведуваат кружни движења со топка околу телото, главата и нозете. | топка | Практични изведби; Координација во простор; Брзина на усвојување на зададено барање; Степен на совладана техника; Соработка со наставник и соученици; Придржување кон правила на игра |
| Примање и додавање на топка | Изведува техники на примање и додавање топка во место и движење во парови. | 3 | Учениците, поделени во парови и групи, изведуваат додавање и примање на топка во место,<br>Учениците изведуваатсо тркалање на топка по подлога во висина на гради, над глава и одбиена од подлога<br>Учениците изведуваат | топка | |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | додавање и примање на топка одбиена од ѕид (во висина на гради, над глава и одбиена од подлога). | | |
| Ракометно водење. | Изведува техники на праволиниско ракометно водење во одење и трчање со промена на брзина | 3 | Учениците изведуваат водење на топка во место и праволиниско движење (со подобрата, со послабата рака и наизменично – комбинирано, со помала и поголема брзина).<br>Учениците изведуваат змијулесто водење на топка во разни правци (помеѓу поставени пречки, со различна брзина во одење и трчање). | топка | |
| Шутирање во гол. | Изведува шутирање на гол од место | 2 | Учениците изведуваат шут на гол од место (со подобрата и послабата рака, од помала и поголема далечина).<br>Учениците изведуваат шут на гол со погодување на одредена цел со подобрата и послабата рака | обрач, маркер, мал гол, голем гол, хоризонтални и вертикални мети. | |
| Мини ракомет. | Применува ракометни елементи во игра со примена на елементарни правила. | 3 | Учениците изведуваат штафетни и елементарни игри со усвоени елементи од ракомет (додавање, примање, водење, погодување на цел, во | | Практична изведба<br>Примена на елементарни правила |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | комбинација со елементи од други спортови).<br>Учениците во движење изведуваат додавање на топка (основни додавања и примање на различни растојанија и со различна брзина).<br>Учениците играат мини ракомет 3 : 3 и 4 : 4, со примена на научени елементи | | |
| **Кошарка**<br>Основни кошаркарски ставови и движења ( кошарка, кош , додавање, прифаќање, водење топка, двочекор, игра, правила на игра ) | Применува паралелен и дијагонален кошаркарски став во место и движење при изведба на елементи од кошаркарската игра (примање, додавање, водење и шутирање).<br>Изведува техники на праволиниско кошаркарско водење во место и движење со промена на правец и брзина со застанување.<br>Изведува техника на шутирање во кош од место и од движење | 4 | Учениците изведуваат основни кошаркарски ставови во место и движење во разни правци – хоризонтално, дијагонално со различно темпо<br>Учениците изведуваат кошаркарска техника на држење на топка во ставови (држење на топка со две и една рака, кружење со топка околу телото, главата и нозете). | Топка, кош, обрач, хоризонтални и вертикални мети | Практични изведби ; Координација во простор; Брзина на усвојување на зададено барање; Степен на совладана техника; Соработка со наставник и соученици; Придржување кон правила на игра |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | со застанување. • Применува кошаркарски елементи во игра на еден и два коша со примена на елементарни правила | | | | |
| Фаќање и додавање на топка | Изведува техники на примање и додавање топка во место и движење во парови. | 3 | Учениците изведуваат додавање и примање на топка во место (со тркалање на топка по подлога, во висина на гради, над глава и одбиена од подлога, со две и една рака).<br>Учениците изведуваат додавање и примање на топка во место одбиена од ѕид (во висина на гради, над глава и одбиена од подлога, со две и една рака). | топка | |
| Кошаркарско водење | Изведува техники на примање и додавање топка во место и движење во парови | 3 | Учениците изведуваат кошаркарско водење на топка во место и движење (со подобрата и послабата рака, наизменично и комбинирано со промена на брзината).<br>Учениците изведуваат | топка | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | змијулесто водење на топка и во разни правци (помеѓу поставени пречки, со командно насочување соразлична брзина). | | |
| Шутирање во кош | Изведува техники на праволиниско кошаркарско водење во место и движење со промена на правец и брзина со застанување. Изведува шутирање во кош од место | 3 | Учениците изведуваат шут во кош од место (на ниско поставен кош од различна далечина). Учениците изведуваат шут во кош со двочекор Учениците изведуваат шут во кош (од различни позиции и далечини). | топка / кош | |
| Мини кошарка | Применува основни елементи во игра (мини кошарка). | 3 | Учениците изведуваат штафетни и елементарни игри со усвоени елементи од кошарката (додавање, примање, водење, шут во кош, во комбинација со елементи од други спортови). Учениците играат мини кошарка 2 : 2 и 3 : 3 со примена на научени елементи / Натпревар (примена на елементарни правила). | | |
| **Одбојка** | Применува | | Учениците изведуваат | | Практични изведби ; Координација во |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Основни одбојкарски ставови и движења (одбојка, топка, одбивање, техники на одбивање со прсти, подлактица,„чекан) | паралелен и дијагонален одбојкарски став во место и движење. | 3 | основни одбојкарски ставови во место Учениците изведуваат движење во разни правци. | | простор; Брзина на усвојување на зададено барање; Степен на совладана техника; Соработка со наставник и соученици; Придржување кон правила на игра |
| Одбивање топка. | Изведува правилно поставување и основна техника на одбивање на топка со прсти и подлактица. | 3 | Учениците индивидуално со потфрлување изведуваат одбивање на топка со прсти над глава (во слободен простор одбиваат топка со потфрлување на различни висини). Учениците изведуваат потфрлување и одбивање на топка преку техника на одбивање на топка со подлактици – „чекан“ Учениците индивидуално изведуваат одбивање на топка со прсти одбиена од ѕид (одбивање со постепено зголемување на дистанцата од ѕидот). | Топка | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Изведува основна техника на одбивање на топка со прсти и подлактица преку мрежа на помала висина. | 2 | Учениците изведуваат додавање на топка со подлактици, во парови и во групи (на различни растојанија)<br>Учениците во парови, тројки и во поголема група изведуваат одбивање на топка со прсти и подлактици (активноста може да се реализира без мрежа и преку ниско поставена мрежа). | | |
| Школско сервирање | Изведува основна техника на школски сервис. | 3 | Учениците изведуваат школски сервис на помало и поголемо растојание во ѕид<br>Учениците изведуваат школски сервис во парови без и преку ниско поставена мрежа). | Топка / мрежа | |
| Мини одбојка | Применува основни елементи во игра на мрежа (мини одбојка) | 3 | Учениците играат мини одбојка<br>2 : 2 и 3 : 3, со примена на научени елементи | Топка / мрежа | Примена на елементарни правила |
| **Фудбал**<br><br>Примање и додавање на топка (фудбал, топка, | Изведува основна техника на примање и додавање на топка. | 3 | Учениците изведуваат елементарна техника на додавање и примање на топка во фудбал со внатрешниот дел на стапалото (на помало и поголемо растојание од | Топка, гол, конуси, обрачи / хоризонтални и вертикални мети | Практични изведби ; Координација во простор; Брзина на усвојување на зададено барање; Степен на совладана техника; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| гол, примање додавање – „полн рис „ - водење на топка | | | ѕид, индивидуално и во парови).<br>Учениците изведуваат додавање и примање на топка со средниот дел на стапалото – „полн рис" (на помало и поголемо растојание од ѕид, индивидуално и во парови). | | Соработка со наставник и соученици;<br>Придржување кон правила на игра |
| Водење на топка | Изведува праволиниско водење на топка во одење и трчање. | 3 | Учениците изведуваат праволиниско водење на топка со средниот дел на стапалото (на помало и поголемо растојание и со помала и поголема брзина).<br>Учениците изведуваат змијулесто водење на топка со внатрешниот дел на стапалото (на помало и поголемо растојание и со помала и поголема брзина).<br>Учениците изведуваат комбинирано водење на топка со поставени пречки во даден простор | | |
| Жонглирање | Изведува жонглирање со нозе. | 2 | Учениците изведуваат жонглирање со десна и лева нога (индивидуално жонглирање во слободен простор според можностите). | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Шутирање во гол | Изведува шутирање на гол од место. | 3 | Учениците изведуваат шут на гол од место со средниот и внатрешниот дел на стапалото од различни растојанија<br>Учениците изведуваат шут на гол со мал залет<br>Учениците изведуваат шут на гол со погодување на одредена цел - (обрач, маркер, мал гол, голем гол, хоризонтални и вертикални мети). | топка / гол | |
| Мини фудбал | Применува основни елементи во игра (мини фудбал). | 3 | Учениците изведуваат штафетни и елементарни игри со усвоени елементи од фудбал (штафетни игри со додавање, примање, водење, погодување на цел, елементарни игри, на пример, „игра во средина“),<br>Учениците играат мини фудбал<br>2 : 2, 3 : 3 и 4 : 4, со примена на елементарни правила. / Натпревар | Топка, спортски реквизити, препреки и сл. | Практични изведби на терен со почит кон елементарни правила на игра |